**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 22 ФЕВРУАРИ 2022

**ТОП ВЕСТИ:**

- Отчет на градоначалникот Трајковски за првите 100 дена локална власт
- „Учи паметно-работи стручно" - одржана трибина во Делчево за промоција на средното стручно образование
- Се подготвува конгресна сала во СОУ „М.М.Брицо"
- „Делчево во чест на Гоце"

## Отчет на градоначалникот Трајковски за првите 100 дена локална власт




**Во овој период обезбедени нови инвестиции во висина од над 110 милиони денари**

**„Учи паметно-работи стручно"- одржана трибина во Делчево за промоција на средното стручно образование**




**Се подготвува конгресна сала во СОУ „М.М.Брицо"**



**„Делчево во чест на Гоце"**



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ" бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Советниците ја одржаа 6 Седница на Советот на Општина Делчево



На 6 Седница на Советот на Општина Делчево, советниците дадоа согласност на Одлука за висината на надоместокот за одржување паркови и јавно зеленило во Општина Делчево согласно со која висината на надоместокот ќе изнесува 40,00 денари, месечно по домаќинство, износ кој компаративно со другите општини е најнизок во државата за таа услуга. Како што беше истакнато и на Комисијата за комунални работи и сообраќај и на самата Седница на Советот, воведувањето на овој надоместок на физичките и правните лица, како крајни корисници, е врз основа на законските решенија предвидени во Законот за комунални дејности и Законот за урбано зеленило.

Советниците на Седницата дадоа согласност и на висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта во Општина Делчево согласно со која се утврдува месечен износ по домаќинство од 50 денари или 600 денари на годишно ниво за управување и одржување на градските гробишта, износ кој компаративно со другите општини е најнизок во државата. Висината на оваа давачка во Делчево не е променета од 2011 година, кога е дефиниран и досегашниот износ што го плаќаа граѓаните од 20 денари на сметка по домаќинство месечно. Согласно со образложението дадено на Комисијата за комунални работи и сообраќај и на Седницата на Советот, последниве 11 години повеќекратно се зголемени трошоците за одржување на градските гробишта, па неопходно е покачување на висината на овој надоместок.

На Седницата беше усвоена и Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2022 година; Програмата за превенција на детско престапништво;Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, давателите на јавни услуги, директорот и помошно-техничките лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево; Одлука за парична помош по барање на Кикбоксинг клуб „АС“ од Делчево согласно со која се одобри паришна помош во износ од 10.000 денари, средства наменети за покривање на патните трошоци за учество на Државно првенство; Одлука за приоритетен проект: „Набавка и поставување на лед диодни светилки во Општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги“ финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност.

Меѓу другите точки, советниците на оваа Седница ги усвоија и полугодишните извештаи за учебната 2021/22 на СОУ „М.М.Брицо“,на ООУ „Ванчо Прке“ и на ООУ „Св.Климент Охридски“.

Совет на Општина Делчево

Актуелности

# Отчет на градоначалникот Трајковски за првите сто дена локална власт




Почитувани граѓани,

Почитувајќи го начелото за отчетно и транспарентно работење, ја презентирам мојата работа и работата на општинската администрација во првите 100 дена од вториот мандат.
Максимално мотивирани, посветени и искрени во намерите, работиме за да ја оправдаме Вашата доверба дадена по втор пат на изборите, бидејќи вие и нашето Делчево го заслужувате најдоброто и нè обврзувате почитувајќи ги традицијата и наследството, но со нова енергија, да го градиме нашето родно место во поубаво место на живеење.
Како градоначалник и со поддршка на мојот тим и претставниците од новиот состав на Советот, изминативе 100 дена, како период во кој се прави пресек во работата, ги искористивме посветувајќи се на дореализација на започнатите проекти, но и подготовка за реализација на нови кои ќе донесат подобар квалитет на животот во Делчево.
И во овие 100 дена локална власт, приоритет остануваат инфраструктурните проекти, за да донесеме развој, да изградиме капитални објекти кои ќе останат за генерации и генерации наши сограѓани и ќе сведочат за нашата посветеност да ги промениме работите на подобро. Обезбедивме нови инвестиции во Делчево во висина од над 110 милиони денари, не сметајќи ги овде тековните инвестиции кои се однесуваат на доизградба на инфраструктурни проекти, како и реализацијата на проектот за Водоснабдување на Делчево.
-Изградба на нова детска градинка во нас. Расадник
-Втора фаза од изградба на современ градски пазар
-Изградба на нов водовод во с. Ѕвегор и с. Габрово
-Постапка за почеток на градежни работи на фотоволтаици и пречистителна станица за вода во с. Trаботивиште
-Завршена реконструкција на ул „Скопска“
-Завршена реконструкција на дел од ул „Орце Николов“
-Во тек е изградба на локален пат Делчево-Trаботивиште
-Асфалтирани три крака од ул „Голем рид“ во населба Стрелиште
-Асфалтиран дел од ул „Плачковица“
-Заврши доизградбата на втората фаза од велосипедската патека Делчево-Илин Камен
-Заврши изградбата на попречни прагови од габиони во коритото на реката Брегалница.
-Во тек е изградба на ул „3“
-Во тек е рехабилитација на селскиот пат во с. Вирче во должина од 1 км
обиколниот цевковод на крак 3 од ул. „Острец“.

# Отчет на градоначалникот Трајковски за првите сто дена локална власт

Актуелности

-Подготовка за реконструкција на водоводната мрежа со вкупна должина од околу 6 км во населбите:
-дел Милково Брдо
-дел Ново Делчево
-потисен цевковод
-зона обиколен цевковод-крак 4 на дел од ул „Плачковица“
-обиколниот цевковод на крак 3 од ул. „Острец“.
-Подготовка на техничка документација: продолжување на „Орце Николов“; пристапна улица кон социјалната зграда во Делчево; проект за внатрешно уредување на градскиот пазар со паркинзи и улица; во населбата Пролет изградба на две улици: улица 3 и улица 5; реконструкција на ул „Индустриска“, како и проект за реконструкција на бул „Македонија“ (дел).
-По пат на донација набавено противпожарно возило и опрема за ТППЕ
-Набавка на лед-диодни светилки
-Изградба на скејт-парк во Делчево.
-Обезбедени и дистрибуирани 169 контејнери со зафатнина од 1,1м$^3$.
-Во СОУ „М.М.Брицо“- преадаптација на старата спортска сала во конгресна сала
-Обезбедени 37 стипендии за учениците од стручните паралелки во СОУ „М.М.Брицо“
-Во тек е проект Еразмус плус „Чекор по чекор за професионален развој“ во СОУ „М.М.Брицо“
-Во ООУ„Св.Климент Охридски“ – преадаптација на поткровниот простор во училиштето и негова пренамена за библиотека-медијатека, простории за музичка секција и ликовна секција.
-Во ООУ „Ванчо Прке“- реконструкцијата на санитарни јазли во училиштето.
-Во ООУ „Ванчо Прке“’ изградба на енергетско-ефикасната фасада на училиштето.
-Во двете основни училишта опремени кабинетите по природните науки
-Инвестиции во детската градинка „Весели Цветови“ во висина од 900.000 ден. (набавка на нов горилник, опрема и дидактички средства);
-Во ЈЛБ „Илинден“ набавени нови наслови и опрема
-Меморандум за соработка за реализација на втората фаза од ПрограматаРОМАКТЕД
-Потпишана Декларација за отвореност, отчетност и транспарентност на Локалната самоуправа.
-Поддршка на работата на Советот на млади
-Поддршка на иницијативите на КЕМ –нова здравствена услуга-ехо на дојка во Здравствениот дом во Делчево.

Почитувани сограѓани- овој отчет за 100 дена е прв пресек од работата.Продолжуваме понатаму, достоинствено и искрено -за Делчево да ни биде модерно и убаво. Делчево да ни биде гордост!

# Се градат краците од новиот водоводен систем во с. Ѕвегор

Актуелности



Продолжува интензивната изградба на новиот водоводен систем во с. Ѕвегор, како дел од втората фаза од големиот проект за Водоснабдување на Делчево.

Во моментов се одвиваат градежни работи на резерварот со капацитет од 150м3, кој е со капацитет три пати поголем од стариот резервоар и согласно пресметките, комплетно ќе одговори на потребите на жителите на с. Ѕвегор.

Деновиве започнаа и активности за изградба и поставување водоводна инсталација на повеќе водоводни линии, односно краци од системот во селото: краци 6Б, 7Б, 8Б и 9Б. Се поставуваат флексибилни полиетиленски цевки HDPE со дијаметар DN 110 mm, со што Ѕвегор ќе добие комплетно нов водоводен систем.

Паралено со изградбата на потребните објекти од водводниот систем во с. Ѕвегор, се вршат и подготвителни активности за отпочнување на градежните активности за изградба на нов водоводен систем и во с. Габрово.

Втората фаза од проектот „Водоснабдување на Делчево“, е финансиран од Министерството за животна средина во висина од 1, 3 милиони швајцарски франци. Вкупниот проект „Водоснабдување на Делчево“ е во износ од 7, 3 милиони швајц.франци од кои 6 милиони се донација од Швајцарската конфедерација, а 30.000 швајцарски франци контрибуција на Општина Делчево.





Актуелности

# „Учи паметно- работи стручно“- промоција на унапредувањето на средното стручно образование во Делчево




Во рамките на кампањата за промоција на средното стручно образование „Учи паметно, работи стручно“ која ја спроведува Министерството за образование и наука со поддршка од Швајцарската амбасада во Скопје, во Делчево беше одржана средба на која учествуваа државниот секретар во МОН, Анета Трпевска, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, градоначалниците од Берово, Ѕвонко Пекевски и од Македонска Каменица, Димчо Атанасовски, директори од средните стручни училишта, како и претставници од бизнис-секторот од регионот.

На средбата беше потенцирано дека Министерството за образование и наука, активно работи на подобрување на средното стручно образование, со единствена цел да креира квалификуван и стручен кадар кој ќе одговара на потребите на пазарот на трудот, но и да ја зголеми можноста за вработување на младите.

-Се спроведува анализа за да се утврди соодветноста на постојните образовни профили кои ги нудат училиштата, како и на потребата од нови профили кои им се потребни на компаниите, но не се вклучени во наставните програми. Компаниите и нивните потреби од стручен кадар ќе имаат најважна улога при дизајнирање на наставните програми. Со цел да се идентификуваат, се повикуваат компаниите да земат активна улога во целиот процес преку давање предлози, сугестии и мислења како да се унапреди системот на средно стручно образование и кои наставни профили да се отворат во училиштата кои се во областите, каде што компаниите делуваат, потенцираше државниот секретар Трпевска.

Градоначалникот Трајковски кој се обрати на средбата направи паралела со цел и со факти да долови колку за една година се променија работите во средното стручно образование во Делчево.

-Ако минатата година, на ваквиот собир, зборував за проблемите со неатрактивноста на стручните насоки во делчевската гимназија, малиот број ученици и проблемот да се организира настава со едноцифрен број ученици, денеска на оваа средба отворено ќе потврдам дека овие проблеми се минато. Денеска во СОУ „М.М.Брицо“ во двете стручни паралелки, само во прва година, учат 37 ученици и за сите нив е обезбедена стипендија. За прв пат, се отвори дуална паралелка за хемиско-технолошката струка, каде сите ученици добија стипендии од МОН, а во партнерство со комбинатот РУДИНЕ ММ, покрај наставата во училиштето, се одржува настава и во компанијата со која училиштето има потпишано Меморандум за соработка. За прв пат, од постоењето на гимназијата, фирми од Делчево стипендираат ученици во кожарско-текстилната паралелка. Оваа нова клима и соработка меѓу образовната институција и бизнис-секторот во Делчево го трасира патот на развојот и квалитетот на стручното образование, истакна Трајковски.

МОН, втора година по ред води дијалог на локално ниво за унапредување на средното стручно образование.Во учебната 2021/22 година бројот на дуални паралелки од 11 се зголеми на 97, со вклучени над 200 компании.Во овие дуални паралелки се запишаа 1.400 ученици, што е за 6% повеќе ученици во средно техничко образование.Променети се и политиките за стипендирање, односно учениците запишани во дуалните паралелки во средните училишта, добиваат месечна стипендија во висина од 3.500 денари.

# Се подготвува конгресна сала во СОУ „М.М.Брицо“

Актуелности



Во тек се градежни работи за преадаптација на старата спортска сала во СОУ „М.М.Брицо“ која ќе прерасне во конгресна сала за потребите на училиштето, невладиниот сектор, но и Општина Делчево. Како што истакна директорот на училиштето, Љупчо Прачковски, старата спортска сала била во лоша состојба, не била реновирана повеќе децении, а со оглед на тоа, не била функционална.

– Со оваа преадаптација на просторот, ќе донесеме сосема нов лик на салата, која ќе биде атрактивен простор за одржување настани кои бараат поширок аудиториум, како најразлични предавања, семинари, обуки, а согласно просторот што ќе се уреди и соодветниот мебел и опрема, салата ќе може да ја користат и други чинители во Општината, како и да се стави целосно за организирање настани од таков вид на Општина Делчево, истакна Прачковски.

Согласно со проектот, во тек се градежни интервенции за комплетна промена на подот, уредување на плафонот и ѕидовите, проширување на влезната врата, како и отворање помошни врати, уредување на сцената, соодветно озвучување и осветлување и слично.

Вредноста на проектот е 3, 5 милиони денари, средства обезбедени од училиштето, а градежните работи треба да завршат за еден месец.





Актуелности

# Доделени општинските стипендии



Учениците од Делчево кои ќе добиваат стипендии од Општина Делчево за учебната 2021/2022 година, ги добија решенијата од Општина Делчево. Годинава, Општина Делчево додели 19 стипендии, од кои 18 стипендии се за средношколци кои аплицирале во двете категории согласно со јавно објавениот Конкурс и една стипендија за студент кој ги исполни условите согласно со предвидените критериуми.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој им ги врачи решенијата, истакна дека интенција на Општината е да се стимулираат младите за поголеми успеси во образованието.

-Во оваа прилика сакам да им честитам на сите општински стипендисти и им посакувам да продолжат да редат успеси на полето на образованието, да се натпреваруваат во знаења и да се вложуваат во наставниот процес, бидејќи тие се носителите на идниот општествен живот во општината и државата. Како Општина го следиме успехот на учениците и, освен овие стипендии, доделуваме и три стипендии на првенците на генерацијата во трите училишта, а Општина Делчево доделува и наградно патување низ Европа (или последниве две години поради пандемијата доделува парична награда) на 10-те најдобри матуранти од СОУ „М.М.Брицо“. Исто така, од 2020 г. воведовме и нова мерка со која издвоивме по 3 .000 денари за секое прваче кое ќе го започне школувањето во делчевските основни училишта. Минатата година по овие основи од Буџетот на Општина Делчево се исплатени над 900 илјади денари, рече Трајковски.

Трајковски истакна дека бројот на предвидени стипнедии е зголемен во последниве 4 години години, а зголемен е и износот на стипендиите по одредени категории.

Директорот на СОУ „М.М.Брицо“, Љупчо Прачковски изрази јавна благодарност до градоначалникот Трајковски и Општина Делчево за континуираната поддршка на делчевската гимназија и додаде дека овие ученици се ликот на гимназијата и редовни учесници на државни и меѓународни натпревари.

Стипендиите ќе се исплаќаат за период од 9 месеци, а износот на ученичките стипендии во двете категории е 1000 денари, односно 1,500 денари, додека студентските стипендии се во износ од 3,500 денари.

## СОУ „М.М.Брицо“ дел од проектот за „Супер училишта“



СОУ „Методи Митевски – Брицо“ е учесник на регионалниот проект „Супер училишта“ организиран од Регионалната канцеларија за соработка со младите (RYCO) и Германската организација за меѓународна соработка (GIZ), а кофинансирана од Европска Унија и Сојузното министерство за економска соработка и развој на Сојузна Република Германија (BMZ).

Програмата има за цел да го подржи процесот на помирување и градење на мирот, како и процесот на интеркултурниот дијалог помеѓу училиштата и учениците преку младинска размена.

Наставниците- координатори од училиштата, во рамките на проектот, поминаа две обуки. Првата беше онлајн а другата со физичко присуство, во Приштина од 18ти до 21ви февруари. На обуките присуствуваше проф. Желеанка Демирова која е и координатор на проектот од СОУ „Методи Митевски – Брицо“, заедно со проф.Билјана Ивановска. Целта на обуките е зајакнување на капацитетите и вмрежување.Учениците ќе се подготвуваат за соработката преку работилници со координаторите.

За време на проектот 10 ученици и 2 наставници од делчевската гимназија ќе учествуваат во размената на ученици со Техничкаташкола во Пирот- Србија. Првата посета е планирана во месец април, кога нашето училиште ќе биде домаќин на учениците и нивните наставници, додека втората посета ќе се реализира во Пирот.

# Актуелности

## Прва посета на ЛАГ од Словенија на регионот



Со цел отпочнување соработка за реализација на проекти за подобрување на локалните услови за живеење, деновиве се оствари првата средба на претставници од Општина Раденци и ЛАГ Прлекија од Република Словенија и претставници од ЛАГ Малеш и Пијанец. Средбата се одржа во Едукативниот центар во с. Негрево, а на неа присуствуваа и градоначалниците на Берово, Пехчево и Делчево. Воедно на средбата беа презентирани потенцијалите на регионот и досегашните активности на ЛАГ-от. Во рамки на работната средба беа детектирани и потенцијалните области на соработка, како и размена на искуства и знаење од страна на словенечките ЛАГ-ови кои во рамки на ЕУ се лидери во искористување на средставата и реализација на проекти за подобрување на локалните услови за живеење.

Актуелности

# „Делчево во чест на Гоце“







Со пригодни свечености, Делчево одбележа 150 години од раѓањето на патронот на градот,Гоце Делчев, апостол на револуционерната борба, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

По тој повод, за животот и делото на Гоце Делчев, реферат подготвија членови на КУД „Гоце Делчев“, а пред споменикот на Делчев во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, како и претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од институциите, политички партии, здруженија на граѓани.

Делчево од 23 април 1950 година со Одлуката на Президиумот, го добива името на великанот, идеолог и деец на Македонската револуционерна организација, Гоце Делчев. Оттогаш до денес, Делчево гордо и достоинствено го носи името на Делчев, истакна градоначалникот Горан Трајковски.

-Горди на неговиот лик и дело и промотори на неговото име со севкупното негово значење и наследство, ги промовираме неговите заложби и работиме да го изградиме нашиот град достоен носител на неговото име. Во таа насока и поклонувајќи се пред ликот и делото на великанот, Делчево со пригодни настани ја одбележува 150-годишнината од неговото раѓање. Датум достоен да се навратиме на неговото дело, значење, на неговата улога во развојот на револуционарната мисла и идеологија издигнувајќи се високо со неговиот интернационален и космополитски поглед, вбројувајќи го Гоце во редот на светските хуманисти, нагласи Трајковски.

Во Делчево по повод 150-годишнината од раѓањето на патронот на градот беше распишан и литературен конкурс во организација на КУД „Гоце Делчев“ и ЈЛБ „Илинден. Исто така, ЈЛБ „Илинден“ отвори и изложба на наслови, документи и записи кои зборуваат за ликот и делото на Делчев. Под мотото „Делчево во чест на Гоце“ во салата од спомен-домот АСНОМ се одржа свечен концерт во организација на Општина Делчево и КУД „Гоце Делчев“ на кој настапија промоторите на Гоцевата мисла: „Светот го разбирам како поле за културен натпревар меѓу народите“, делчевските амабасадори на културата и традицијата, КУД „Гоце Делчев“ , ФГ при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и ЗФГ „Копачка“.

# Делчево го одбележа Светскиот ден на мајчиниот јазик

Актуелности



Со изложба на дела од македонски автори, Јавната локална библиотека „Илинден” се вклучува во одбележувањето на 21 Февруари – Светскиот ден на мајчиниот јазик. Изложбата е претставена во слики кои содржат кратка биографија за творештвото на авторите и извадок од нивни дела, а поставена е во просториите на библиотеката. Како што истакна директорката Билјана Петровска, целта на активноста е промоција на дел од авторите чие творештво ги поставува темелите на стандардизацијата на македонскиот јазик, но и младите генерации уште од мали нозе да учат за историјата и значењето на мајчиниот македонски јазик.

-Сите наши читатели ќе можат да разгледаат, научат, да се потсетат или да прочитаат за сите нив. Преродбениците: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосиј Синаитски, учебникарите Ѓорѓи Пулевски, Јордан Хаџи Константинов-Џинот. Втората група автори се современите македонски автори: Ацо Шопов, Славко Јаневски, Блаже Конески, како и Кочо Рацин и Петре М.Андреевски. Денес македонскиот јазик претставува целосно оформен, современ литературен јазик. Но, тоа не значи дека тука треба да застанеме.Напротив, треба постојано да се негува, да се зачува чистината на убавиот македонски збор.Негувањето на сопствениот јазик значи постоење на еден народ.Младите генерации треба да се запознаваат уште од мали нозе со историјата и значењето на македонскиот јазик.Нема ништо поубаво од тоа да се пишува, зборува и твори на Македонски јазик, кажа Петровска по повод Светскиот ден на мајчиниот јазик.

Воедно, во образовните институции се одвиваат низа активности со цел да се потенцира значењето на мајчиниот јазик, а НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ распиша Литературен конкурс за поезија и проза на слободна тема.

Актуелности

# Делчево ја одбележа 78-годишнината од Февруарскиот поход



Со пригодна свеченост Делчево одбележа 78 години од успешното изведување на Февруарскиот поход кој имал големо политичко и воено значење за текот на НОВ во Македонија.

Поради лошите временски услови и интензивните врнежи од снег, настанот се одвиваше пред споменикот на паднатите борци во центарот на Делчево.

По тој повод делегација од Општина Делчево, предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево, предводена од претседателот на Советот, Гоце Попов, пратеничката во Собранието на РСМ, Соња Михаиловска, претставници од политички партии, институции, здруженија на граѓани се поклонија и свежо цвеќе положија пред споменикот на паднатите борци во центарот на Делчево.

Членови од КУД „Гоце Делчев“ преку рецитал потсетија на историските факти кои го одбележаа овој стратешки поход изведен во 1944 г. и борбените операции на Третата борбена единица во регионот на Голак, Беласица, Плачковица и Осогово.

Поради лошите временски услови и заради безбедност, беше ограничен и планинарскиот марш до Долни Балван со н.м. од 1030 м. На маршот учествуваа 50-ина младинци од ПСК ГОЛАК.

Во чест на значајниот датум, градоначалникот Трајковски на учесниците на настанот додели благодарници.





## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**